# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

13 декември 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 18



Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА
БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 12 декември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9078/1**
**од 13 декември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02 ) и член 34 од Законот за Буџети ( Службен весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр.151/21) Советот на Општина Гази Баба на 35та седница одржана на 12.12.2023 година донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА**

**за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2023 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 0 | 708.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | -708.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 09-9005/3
12.12.2023

Претседател на Советот на Општината
**Дијана Илиевска**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2 -**

1. Се објавува Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 12 декември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9078/2**
**од 13 декември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и петтата седница одржана на 12 декември 2023 година, донесе

# П Л А Н

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2 -

### Член 1

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2 (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.15/13, 12/14, 12/18, 1/21, 14/22 и 16/23), во член 2 табеларниот преглед се менува и гласи:

Образец В 1

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | Ознака на буџетска програма | ФА |
| Развојна потпрограма | УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) ВО Н.М. ХИПОДРОМ 2 | Ознака на развојна потпрограма | ФАО |
| Лице за контакт | Сашо Трајков | тел. и факс | 02 322 66 55 / 3215 112 |
| Функција: | Раководител на сектор за локален економски развој и европски интеграции | E-mail | contact@gazibaba.gov.mk |
| Адреса: | ул. „Архимедова“ бр. 2 - Општина Гази Баба | | |

| | ОПИС |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се подобри квалитетот на живот на новите жителите на новата урбана населба Хиподром 2, преку изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура која е во надлежност на општината до крајот на 2026 год.; Да се создадат комунални и сообраќајни предуслови за развој на новата резидентна населба Хиподром II; Заштита на животната средина и здравјето на новите жители на Хиподром 2; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната и сообраќајната инфраструктура; |
| **Планирани активности** | 1 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 2 - Добивање на одобрение за градба; 3 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 4 - Изградба на секундарна комунална инфраструктура и локални улици во периодот 2023 - 2026 следејќи ја динамиката на градење на сопствениците на градежни парцели во Хиподром 2 ; 5 - Вршење надзор при изградбата; |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на секундарната комунална и сообраќајна инфраструктура до крајот на 2026 год; 2 - Создавање на услови за ефектуирање на локацискиот и градежен потенцијал во новата резидентна населба Хиподром II од страна на домашните и странските инвеститори; 3 - Создавање на буџетски услови за следење на динамиката на градење на сопствениците на градежежно земјиште и градежни парцели во резидентната населба Хиподром II. | | | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Подземните води во процесот на изградба на секундарната комунална и сообраќајна инфраструктура; 3 - Намалената динамика на градење на сопствениците на градежно земјиште и парцели; 4 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на секундарната комунална и сообраќајна инфраструктура ; | | | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Декември 2022 година | | | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2026 година | | | | | |
| **Вкупна вредност** | 80,000,000.00 | | | | | |
| **Име на студија** | | | | | | |
| **Ниво на студија*** | Основен проект | | | | | |
| **Автор/Фирма, Седиште** | | | | | | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | 2014 година | | | | | |
| | | **до 2023** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **8,000,000.00** | **20,000,000.00** | **20,000,000.00** | **20,000,000.00** | **12,000,000.00** |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)
ПФС = Предфизибилити студија
ИП = Идеен проект
ФС = Физибилити студија
ГП = Главен проект

**Член 2**

Овој план влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-9005/4**
**од 12 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Цревево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци -**

1. Се објавува Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Цревево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 12 декември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9078/3**
**од 13 декември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и петтата седница одржана на 12 декември 2023 година, донесе

**П Л А Н**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА**
**ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци -**

**Член 1**

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.15/13, 12/14, 7/17, 14/20, 14/22 и 16/23), во член 2 табеларниот преглед се менува и гласи:

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Ознака на буџетска програма** | **ЈИ** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на примарна фекална канализација за н.м. Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ЈИБ** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **телефон** | **003892 322 66 55** |
| **Функција:** | **Раководител на сектор за локален економски развој и европски интеграции** | **E-mail** | **contact@gazibaba.gov.mk** |
| **Адреса:** | **ул. „Архимедова“ бр. 2 - Општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се подобри квалитетот на живот на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора, преку изградба на примарна фекална канализација до крајот на 2026 год.; Да се создадат комунални предуслови за динамичен рурален развој на населените места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Заштита на животната средина и здравјето на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на примарната фекална мрежа; |
| **Планирани активности** | 1 - Изработка на основен технички проект за изградба на примарната фекална мрежа во руралните населени места распослани на Скопска Црна Гора; 2 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 3 - Добивање на одобрение за градба; 4 - Распишување на јавен повик за јавна набавка за изведувач на проектот; 5 - Изградба на примарна фекална мрежа во горенаведените рурални населени места во периодот 2020 - 2026; 6 - Вршење надзор при изградбата; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на примарната фекална мрежа до крајот на 2026 год; 2 - Создавање на услови за ефектуирање на руралниот локациски потенцијал во населените места распослани на Скопска Црна Гора од страна на домашни и странски инвеститори; 3 - Создавање на услови за решавање на секундарните фекални мрежи во наведениот рурален микро регион . | | | | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Планинскиот терен за изградба на примарната фекална мрежа; 3 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на примарната фекална мрежа ; | | | | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Ноември 2020 година | | | | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2026 година | | | | | | |
| **Вкупна вредност** | 159.000.000,00 денари | | | | | | |
| **Име на студија** | | | | | | | |
| **Ниво на студија*** | ГП | | | | | | |
| **Автор/Фирма, Седиште** | | | | | | | |
| **Датум на изготвување на проектна** | | | | | | | |
| | | **до 2022** | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Индикатори** | планирани буџетски средства | **41,670,000.00** | **12,000,000.00** | **6,000,000.00** | **28,330,000.00** | **20,000,000.00** | **22,000,000.00** |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)

ПФС = Предфизибилити студија

ИП = Идеен проект

ФС = Физибилити студија

ГП = Главен проект

**Член 2**

Овој план влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9005/5**
**од 12 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје -**

1. Се објавува Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 12 декември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9078/4**
**од 13 декември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и петтата седница одржана на 12 декември 2023 година, донесе

**П Л А Н**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на нова училишна зграда на ООУ ''Крсте Мисирков'', Општина Гази Баба - Скопје -**

**Член 1**

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на нова училишна зграда на ООУ ''Крсте Мисирков'', Општина Гази Баба - Скопје (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.16/23), во член 2 табеларниот преглед се менува и гласи:

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **ОБРАЗОВАНИЕ** | **Ознака на буџетска програма** | **Н** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на нова училишна зграда на ОУ Крсте Мисирков** | **Ознака на развојна потпрограма** | **НАК** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел.** | **02/ 322 66 55** |
| **Функција:** | **Раководител на сектор за локален економски развој и европски интеграции** | **E-mail** | **contact@gazibaba.gov.mk** |
| **Адреса:** | **ул. Архимедова бр.2- Општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се изгради нова училишна зграда на ОУ Крсте Мисирков за 700 ученици до крајот на 2026 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за едукација на учениците во ОУ Крсте мисирков; Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на училишната зграда; Да се обезбедат квалитетни просторни услови за поголема општествена активност на учениците и заедницата. |
| **Планирани активности** | 1 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 2 - Изградба на новата училишна зграда на ОУ Крсте Мисирков во период 2024 - 2026; 3 - Вршење надзор при изградбата; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на новата училишна зграда на ОУ Крсте Мисирков до крајот на 2026 год; 2 - Создавање на квалитетни и современи услови за примарна едукација на учениците; 3 - Значително намалување на трошоците за одржување и потрошена електрична и топлинска енергија; 4 - Зголемување и унапредување на општествените наставни и вонnаставни активности на учениците и заедницата. | | | | |
| **Ризик и претпоставки** | Неуспешна јавна набавка; локални временски услови и терен за работа; пробивање на финансиската конструкција. | | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Мај 2024 година | | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2026 година | | | | |
| **Вкупна вредност** | **105.000.000,00** денари | | | | |
| **Име на студија** | **Изградба на нова училишна зграда на ОУ Крсте Мисирков** | | | | |
| **Ниво на студија*** | ГП | | | | |
| **Автор/Фирма, Седиште** | **изработен по нарачка на Министерство за образование на РМ од проектанско студио Џон и Џони** | | | | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | 2016 година | | | | |
| | | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **0.00** | **35,000,000.00** | **35,000,000.00** | **35,000,000.00** |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)

ПФС = Предфизибилити студија

ИП = Идеен проект

ФС = Физибилити студија

ГП = Главен проект

**Член 2**

Овој план влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9005/6**
**од 12 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари -**

1. Се објавува Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 12 декември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9078/5**
**од 13 декември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и петтата седница одржана на 12 декември 2023 година, донесе

**П Л А Н**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА
ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на детска градинка на
ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари -**

**Член 1**

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.16/23), во член 2 табеларниот преглед се менува и гласи:

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **Ознака на буџетска програма** | **В** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ВАМ** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел. и факс** | **02 / 322 66 55** |
| **Функција:** | **Раководител на сектор за локален економски развој и европски интеграции** | **E-mail** | **contact@gazibaba.gov.mk** |
| **Адреса:** | **ул. Архимедова 2 - Општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се изгради нова детска градинка со капацитет за 150 деца во н.м. Маџари Трингла (кај Мерцедес) до средината на 2026 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за згрижување и едукација на деца од предшколска возраст од сите населените места кои гравитираат во регионот на Керамидница и Маџари Трингла; Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на новиот објект за детска градинка; |
| **Планирани активности** | 1 - Изработка на архитектонски и технички (основен) проект; 2 - Ревизија на проектот; 3 - Добивање на одобрение за градба; 4 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 5 - Изградба на новата детска градинка во н.м. Маџари Триангла (кај Мерцедес) во период од 2024 до 2026; 5 - Вршење надзор при изградбата; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на новата детска градинка со капацитет за 150 деца до средината на 2026 год; 2 - Создавање на квалитетни и современи услови за примарна едукација на децата 3 - Оптимизација на трошоците за одржување и потрошена електрична и толинска енергија на објектот на новата детска градинка според највисоките стандарди за енергетска ефикасност; 4 - Зголемување и унапредување на општествените наставни и воннаставни активности на децата и заедницата. | | | | |
| **Ризик и претпоставки** | неуспешна јавна набавка; локални временски услови и терен за работа; пробивање на финансиската конструкција. | | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Мај 2024 година | | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Јуни 2026 година | | | | |
| **Вкупна вредност** | 114.000.000,00 МКД | | | | |
| **Име на студија** | **Изградба на нова детска градинка во н.м. Маџари Триангла (кај Мерцедес)** | | | | |
| **Ниво на студија*** | ГП | | | | |
| **Автор/Фирма, Седиште** | **ДГУ Адроит ДООЕЛ, Куманово** | | | | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | 2023 година | | | | |
| | | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** |
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **6,000,000.00** | **38,000,000.00** | **38,000,000.00** | **32,000,000.00** |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија) ПФС = Предфизибилити студија

ИП = Идеен проект ФС = Физибилити студија

ГП = Главен проект

**Член 2**

Овој план влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9005/7**
**од 12 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА УЧЕНИЧКИ УНИФОРМИ
ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА
ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за распределба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 12 декември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9078/6
од 13 декември 2023 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) а во врска со член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), точка 5 од Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22, 12/23 и 16/23), член 3 од Одлуката за воведување во употреба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и петтата седница одржана на 12 декември 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА УЧЕНИЧКИ УНИФОРМИ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа одлука се распределуваат ученичките униформи од I (прво) до IX (деветто) одделение во 11 (единаесет) општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2023/2024 година, обезбедени со средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година - Програма за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година.

За учебната 2023/2024 година се распределуваат вкупно 13.534 поло маици со кратки ракави и 6.767 блузони со долги ракави.

### Член 2

Секој ученик се задолжува со 2 (две) поло маици со кратки ракави и 1 (еден) блузон со долги ракави.

### Член 3

Распределбата на ученичките униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2023/2024 година од членот 1 од оваа одлука е следна:

1) Во ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје:
   1640 поло маици со кратки ракави;
   820 блузони со долги ракави.

2) Во ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје:
   632 поло маици со кратки ракави;
   316 блузони со долги ракави.

3) Во ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје:
   3390 поло маици со кратки ракави;
   1695 блузони со долги ракави.

4) Во ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје:
1040 поло маици со кратки ракави;
520 блузони со долги ракави.

5) Во ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје:
1510 поло маици со кратки ракави;
755 блузони со долги ракави.

6) Во ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци,Општина Гази Баба - Скопје:
798 поло маици со кратки ракави;
399 блузони со долги ракави.

7) Во ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје:
1076 поло маици со кратки ракави;
538 блузони со долги ракави.

8) Во ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје:
652 поло маици со кратки ракави;
326 блузони со долги ракави.

9) Во ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје:
1004 поло маици со кратки ракави;
502 блузони со долги ракави.

10) Во ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје:
732 поло маици со кратки ракави;
366 блузони со долги ракави.

11) Во ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје:
1060 поло маици со кратки ракави;
530 блузони со долги ракави.

**Член 4**

Секој училишен одбор во општинските основни училишта може со посебен акт поблиску да ја уреди процедурата во врска со задолжителното носење на ученичките униформи.

**Член 5**

Одлуката да се достави до општинските основни учлилишта.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9005/8**
**од 12 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/2726/19 од 05.12.2023 година
**СКОПЈЕ**

# ПОТВРДА

Согласно Член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр.32/20 и бр.111/23), се потврдува одобрување од урбанистички аспект на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи, на дел од КП 66/3, КО Инџиково-вгр, Општина Гази Баба, со тех. број 0801-38/23 од Октомври 2023 година и број на постапка во е-урбанизам 52911, а врз основа на Позитивно мислење од Комисија за урбанизам бр. 28-3/2726/15 од 30.10.2023 година

(се наведува видот на документацијата и технички број)

изработен од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

(се наведува изработувачот на документацијата)

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план

(се наведува видот на документацијата)

со барање бр. 0801-38/23 од 07.06.2023 година

(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бобан Стефковски

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година . . . . . . . . .2

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба -
За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром -2 . . . . . . . . . . . . . .4

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба -
За изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци,
Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .9

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба -
За изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје . . . . .14

**ПЛАН** за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба -
За изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари . . . . . . . . . . . .19

**ОДЛУКА** за распределба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето
на Општина Гази Баба, во учебната 2023/2024 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .24

**ОБЈАВИ** од сектор за урбанизам и градежно земјиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .26



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 18/23**
**35 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци